С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е

З А П И С Н И К

Од ПЕДЕСЕТ И ПРВАТА седница на Советот на Општина Гази Баба, започната на 08.04.2021 година (продолжение на 12.04.2021 година)

СКОПЈЕ, АПРИЛ 2021 ГОДИНА

З А П И С Н И К

Од Педесет и првата седница на
Советот на Општина Гази Баба,
започната на 08.04.2021 година
(продолжение на 12.04.2021 година)

Седницата започна во **14:05 часот**.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба и претставници од општинската администрација.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, со следниот предлог за **дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на комисијата за финансии и буџет, бр.09-1479/2 од 08.04.2021 година, се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

35. Предлог - Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката "35" беше ставен на гласање и усвоен со **25 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точката "35" е составен дел на предложениот дневен ред.

Предлози за **изменување** на предложениот дневен ред:

Член на Совет - **Зоран Стојанов** (коалиција предводена од СДСМ):

Предложи **точка 9**. Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште, за изградба на објекти на ГП 1.16.2, ГП 1.16.3, ГП 1.16.4 и ГП 1.16.5, дефинирани со Архитектонско - урбанистички проект за комплекс СКОПЈЕ ЕАСТ ГАТЕ СЕГ - Скопје во градежна парцела бр.1.16 со основна класа на намена Б2 - Големи трговски единици, од измена и дополна на детален урбанистички план за градска четврт ЦС 09, Општина Гази Баба - Скопје,

заверена под број 28-3/887/13, **да се разгледува како точка 2** од предложениот дневен ред.

Во расправата по предлогот за изменување на предложениот дневен ред учествуваа: Претседателот на Совет, Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија"), Елизабета Стојменова (коалиција "За подобра Македонија"), Андреа Најденовски (коалиција "За подобра Македонија"), м-р Живко Белчев (коалиција "За подобра Македонија"), д-р Сашо Кутлешовски (коалиција "За подобра Македонија"), Ристо Донев (коалиција "За подобра Македонија"), Валентина Петровска (коалиција "За подобра Македонија"), Дијана Илиевска (коалиција "За подобра Македонија"), Благе Данев (коалиција "За подобра Македонија"), Јорданчо Тодосиев (коалиција предводена од СДСМ), Зоран Стојанов (коалиција предводена од СДСМ) и м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

Коментар од стручната служба:

Во меѓувреме додека траеше расправата по однос на предлозите за изменување на предложениот дневен ред, до стручната служба беа доставени 50 амандмани на Предлог - Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште, за изградба на објекти на ГП 1.16.2, ГП 1.16.3, ГП 1.16.4 и ГП 1.16.5, дефинирани со Архитектонско - урбанистички проект за комплекс СКОПЈЕ ЕАСТ ГАТЕ СЕГ - Скопје во градежна парцела бр.1.16 со основна класа на намена Б2 - Големи трговски единици, од измена и дополна на детален урбанистички план за градска четврт ЦС 09, Општина Гази Баба - Скопје, заверена под број 28-3/887/13 поднесени од советничката група на коалицијата "За подобра Македонија", редоследно од бр.09-1559/1.....09-1608/1 од 08.04.2021 година.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба побара поименично гласање по однос на предлогот на советникот Зоран Стојанов.

Претседателот на Советот на барање на советникот Александар Трајковски врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, предлогот на советникот Зоран Стојанов **точка 9 да биде разгледувана како точка 2** од предложениот дневен ред, го стави на поименично гласање со прозивка од службеник од општинската администрација.

Р.БРОЈ	ИМЕ И ПРЕЗИМЕ	ЗА	ПРОТИВ	ВОЗДРЖАН
1.	ТОНИ БОЈКОВСКИ		√	
2.	ДИЈАНА ИЛИЕВСКА		√	
3.	ИВИЦА ПЕТРОВСКИ		√	
4.	ВАЛЕНТИНА ПЕТРОВСКА		√	
5.	РИСТО ДОНЕВ		√	
6.	БЛАГЕ ДАНЕВ		√	

7.	АНДРЕА НАЈДЕНОВСКИ		√	
8.	ЗЛАТА ТАШЕВСКА		√	
9	МИЛКА ВИДОВСКА	√		
10.	д-р САШО КУТЛЕШОВСКИ		√	
11.	ЕЛИЗАБЕТА СТОЈМЕНОВА		√	
12.	АЛЕКСАНДАР ТРАЈКОВСКИ		√	
13.	м-р ЖИВКО БЕЛЧЕВ		√	
14.	БЛАГОЈ АТАНАСОВ	√		
15.	*РАСИМ АЛИ			
16.	МИЛИЦА БУБАЛО	√		
17.	ЃОРЕ СТОЈКОВСКИ	√		
18.	САШКО ЦВЕТКОВСКИ	√		
19.	*МАРТИНА НАУМОВСКА			
20.	БЕРАТ ВЕСЕЛ	√		
21.	ЗОРАН СТОЈАНОВ	√		
22.	СЛАЃАНА СИМЕОНОВА - ВАСИЛКОВСКА	√		
23.	ЈОРДАНЧО ТОДОСИЕВ	√		
24.	ДЕЈАН ДИМИТРОВСКИ			√
25.	СОФИЈА СЕТИНОВА	√		
26.	м-р МАРТИН РИСТОВ	√		
27.	ЗОРАН ЃОРЃЕВИЌ	√		

*** Не бил присутен во тек на гласање**

Советот **не го усвои** предлогот со **12 гласа "ЗА", 12 гласа "ПРОТИВ" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Предложи **точка 9.** Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште, за изградба на објекти на ГП 1.16.2, ГП 1.16.3, ГП 1.16.4 и ГП 1.16.5, дефинирани со Архитектонско - урбанистички проект за комплекс СКОПЈЕ ЕАСТ ГАТЕ СЕГ - Скопје во градежна парцела бр.1.16 со основна класа на намена Б2 - Големи трговски единици, од измена и дополна на детален урбанистички план за градска четврт ЦС 09, Општина Гази Баба - Скопје, заверена под број 28-3/887/13, **да се симне** од предложениот дневен ред.

Врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба побара поименично гласање по однос на својот предлог.

Претседателот на Советот врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, предлогот на советникот Александар Трајковски **точка 9 да се симне** од предложениот дневен ред, го стави на поименично гласање со прозивка од службеник од општинската администрација.

Р.БРОЈ	ИМЕ И ПРЕЗИМЕ	ЗА	ПРОТИВ	ВОЗДРЖАН
1.	ТОНИ БОЈКОВСКИ	√		
2.	ДИЈАНА ИЛИЕВСКА	√		
3.	ИВИЦА ПЕТРОВСКИ	√		
4.	ВАЛЕНТИНА ПЕТРОВСКА	√		
5.	РИСТО ДОНЕВ	√		
6.	БЛАГЕ ДАНЕВ	√		
7.	АНДРЕА НАЈДЕНОВСКИ	√		
8.	ЗЛАТА ТАШЕВСКА	√		
9	МИЛКА ВИДОВСКА		√	
10.	д-р САШО КУТЛЕШОВСКИ	√		
11.	ЕЛИЗАБЕТА СТОЈМЕНОВА	√		
12.	АЛЕКСАНДАР ТРАЈКОВСКИ	√		
13.	м-р ЖИВКО БЕЛЧЕВ	√		
14.	БЛАГОЈ АТАНАСОВ		√	
15.	*РАСИМ АЛИ			
16.	МИЛИЦА БУБАЛО		√	
17.	ЃОРЕ СТОЈКОВСКИ		√	

18.	САШКО ЦВЕТКОВСКИ		√	
19.	*МАРТИНА НАУМОВСКА			
20.	БЕРАТ ВЕСЕЛ		√	
21.	ЗОРАН СТОЈАНОВ		√	
22.	СЛАЃАНА СИМЕОНОВА - ВАСИЛКОВСКА		√	
23.	ЈОРДАНЧО ТОДОСИЕВ		√	
24.	**ДЕЈАН ДИМИТРОВСКИ			
25.	СОФИЈА СЕТИНОВА		√	
26.	м-р МАРТИН РИСТОВ		√	
27.	ЗОРАН ЃОРЃЕВИЌ		√	

*** Не бил присутен во тек на гласање**
**** Бил присутен но не гласал**

Советот **не го усвои** предлогот со **12 гласа "ЗА" и 12 гласа "ПРОТИВ"**.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Ги даде следните предлози за изменување на предложениот дневен ред:

1. Точката 34 да се разгледува како точка 16;
2. Точката 16 да се разгледува како точка 34;
3. Точката 32 да се разгледува како точка 15;
4. Точката 15 да се разгледува како точка 32;
5. Точката 30 да се разгледува како точка 14;
6. Точката 14 да се разгледува како точка 30;
7. Точката 28 да се разгледува како точка 13;
8. Точката 13 да се разгледува како точка 28;
9. Точката 26 да се разгледува како точка 12;
10. Точката 12 да се разгледува како точка 26;
11. Точката 24 да се разгледува како точка 11;
12. Точката 11 да се разгледува како точка 24;
13. Точката 22 да се разгледува како точка 10;
14. Точката 10 да се разгледува како точка 22;
15. Точката 20 да се разгледува како точка 9;
16. Точката 9 да се разгледува како точка 20;

17. Точката 18 да се разгледува како точка 8;
18. Точката 8 да се разгледува како точка 18;
19. Точката 16 да се разгледува како точка 7;
20. Точката 7 да се разгледува како точка 16;
21. Точката 14 да се разгледува како точка 6;
22. Точката 6 да се разгледува како точка 14;
23. Точката 12 да се разгледува како точка 5;
24. Точката 5 да се разгледува како точка 12;
25. Точката 10 да се разгледува како точка 4;
26. Точката 4 да се разгледува како точка 10;
27. Точката 8 да се разгледува како точка 3;
28. Точката 3 да се разгледува како точка 8;
29. Точката 6 да се разгледува како точка 2;
30. Точката 2 да се разгледува како точка 6;
31. Точката 4 да се разгледува како точка 1; и
32. Точката 1 да се разгледува како точка 4.

Врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба побара поименично гласање за секој предлог.

Претседателот на советот даде пауза од 15 минути.

По паузата.

Претседателот на Советот констатираше дека во салата не се присутни мнозинство на членови на советот и од тие причини советот неможе да расправа и одлучува. Поради тоа, во согласност со член 84 став (4) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ја прекина седницата на советот.

Седницата е прекината во 18:10 часот.

Продолжение на Педесет и првата седница на Советот на Општина Гази Баба, одржано на 12.04.2021 година

Продолжението на седницата започна во **13:50 часот**.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Во својство на предлагач ја **повлече точка 9** од предложениот дневен ред.

Претседателот на Советот констатираше дека точката "9" не е дел на предложениот дневен ред, точките редоследно од "10" до "35" ќе се разгледуваат како точки редоследно од "9" до "34".

Претседателот на Советот констатираше дека поднесените 50 амандмани редоследно од бр.09-1559/1.....09-1608/1 од 08.04.2021 година кои се однесуваа на повлечената точка, се беспредметни.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Ги повлече предлозите (32) за изменување на предложениот дневен ред.

Во расправата пред утврдување на предложениот дневен ред учествуваа: Претседателот на Совет и членовите на советот: Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија"), Благој Атанасов (коалиција "За подобра Македонија"), м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ) и Зоран Стојанов (коалиција предводена од СДСМ).

За работата на седницата со **23 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Предлог - Заклучок за усвојување на информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица од општа надлежност "Гази Баба", за втората половина од 2020 година;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје;
3. Предлог - Одлука за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за уредување на јавни површини со поставување елементи од урбана опрема за спорт и рекреација на подрачјето на Општина Гази Баба;
4. Предлог - Одлука за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за реализација на систем за паметно осветлување и платформа за дигитален град - "Смарт Сити";
5. Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година;
6. Предлог - Одлука за ослободување на инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште, за КП 2117/1 КО Сингелиќ - 1;
7. Предлог - Одлука за ослободување на инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште, за КП 373, 374, 450/2, 451, 2149/2 КО Гази Баба;
8. Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2021 година;
9. Предлог - Програма за изменување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2021 година;
10. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Гази Баба за 2020 година;
11. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2020 година;
12. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2020 година;
13. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за комунални дејности (Ј) на Општина Гази Баба за 2020 година - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи;

14. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2020 година;
15. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за култура и културни манифестации на Општина Гази Баба за 2020 година;
16. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2020 година;
17. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации на Општина Гази Баба за 2020 година;
18. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за спорт на Општина Гази Баба за 2020 година;
19. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за објектите за спорт на Општина Гази Баба за 2020 година;
20. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за млади на Општина Гази Баба за 2020 година;
21. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за домовите на културата на Општина Гази Баба за 2020 година;
22. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за училишен спорт на Општина Гази Баба за 2020 година;
23. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за тековно одржување на основните училишта на Општина Гази Баба за 2020 година;
24. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации во основните училишта на Општина Гази Баба за 2020 година;
25. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за државни натпревари и стипендии на ученици во основните училишта на Општина Гази Баба за 2020 година;
26. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за меѓународна соработка на Општина Гази Баба за 2020 година;
27. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за сопственичките права на Општина Гази Баба за 2020 година;
28. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за спомен - обележјата на Општина Гази Баба за 2020 година;
29. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2020 година;
30. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2020 година;
31. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за одржување на предучилишни установи на Општина Гази Баба за 2020 година;
32. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2020 година; и
33. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2020 година; и
34. Предлог - Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година.

ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица од општа надлежност "Гази Баба", за втората половина од 2020 година.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Упати забелешка до Градоначалникот на Општина Гази Баба поради отсуство на претставник од ПС од ОН "Гази Баба" кој треба да ја образложи информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица од општа надлежност "Гази Баба", за втората половина од 2020 година.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Во својство на предлагач **ја повлече точка 1** од утврдениот дневен ред поради отсуство на претставник од ПС од ОН "Гази Баба".

ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

Претседателот на комисијата за општествени дејности - **Дијана Илиевска**, поднесе извештај од седницата одржана на 24.02.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, со **23 гласа "ЗА"**.

ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за уредување на јавни површини со поставување елементи од урбана опрема за спорт и рекреација на подрачјето на Општина Гази Баба.

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина за финансии и буџет - **Андреа Најденовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 26.02.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за уредување на јавни површини со поставување елементи од урбана опрема за спорт и рекреација на подрачјето на Општина Гази Баба, со **23 гласа "ЗА"**.

ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за реализација на систем за паметно осветлување и платформа за дигитален град - "Смарт Сити".

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина за финансии и буџет - **Андреа Најденовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 08.04.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за реализација на систем за паметно осветлување и платформа за дигитален град - "Смарт Сити", со **23 гласа "ЗА"**.

ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година.

Претседателот на комисијата за финансии и буџет - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 08.04.2021 година.

Претседателот на комисијата за финансии и буџет - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај и од седницата одржана на 25.02.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот д-р Сашо Кутлешовски (коалиција "За подобра Македонија") и Дејан Димитровски (коалиција предводена од СДСМ), претставникот од општинската администрација - Светислав Апостолов, Претседателот на Советот и Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година, со **17 гласа "ЗА"**.

ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за ослободување на инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште, за КП 2117/1 КО Сингелиќ - 1.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за ослободување на инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште, за КП 2117/1 КО Сингелиќ - 1, со **16 гласа "ЗА"**.

СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за ослободување на инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште, за КП 373, 374, 450/2, 451, 2149/2 КО Гази Баба.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за ослободување на инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште, за КП 373, 374, 450/2, 451, 2149/2 КО Гази Баба, со **20 гласа "ЗА"**.

ОСМА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2021 година, со **22 гласа "ЗА"**.

ДЕВЕТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2021 година, со **23 гласа "ЗА"**.

ДЕСЕТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Гази Баба за 2020 година.

Претседавачот со седницата на комисијата за еднакви можности на жените и мажите - **м-р Живко Белчев** поднесе извештај од седницата одржана на 26.02.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Гази Баба за 2020 година, со **23 гласа "ЗА"**.

ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2020 година, со **23 гласа "ЗА"**.

ДВАНАЕСЕТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членот на советот д-р Сашо Кутлешовски (коалиција "За подобра Македонија") и Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2020 година, со **23 гласа "ЗА"**.

ТРИНАЕСЕТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за комунални дејности (Ј) на Општина Гази Баба за 2020 година - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за комунални дејности (Ј) на Општина Гази Баба за 2020 година - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи, со **23 гласа "ЗА"**.

ЧЕТИРИНАЕСЕТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2020 година, со **23 гласа "ЗА"**.

ПЕТНАЕСЕТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за култура и културни манифестации на Општина Гази Баба за 2020 година.

Претседавачот со седницата на комисијата за култура, спорт и рекреација - **Благој Атанасов** поднесе извештај од седницата одржана на 24.02.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за култура и културни манифестации на Општина Гази Баба за 2020 година, со **23 гласа "ЗА"**.

ШЕСНАЕСЕТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2020 година, со **23 гласа "ЗА"**.

СЕДУМНАЕСЕТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации на Општина Гази Баба за 2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации на Општина Гази Баба за 2020 година, со **23 гласа "ЗА"**.

ОСУМНАЕСЕТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за спорт на Општина Гази Баба за 2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членот на советот Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија") и Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за спорт на Општина Гази Баба за 2020 година, со **23 гласа "ЗА"**.

ДЕВЕТНАЕСЕТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за објектите за спорт на Општина Гази Баба за 2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за објектите за спорт на Општина Гази Баба за 2020 година, со **22 гласа "ЗА"**.

ДВАЕСЕТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за млади на Општина Гази Баба за 2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за млади на Општина Гази Баба за 2020 година, со **22 гласа "ЗА"**.

ДВАЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за домовите на културата на Општина Гази Баба за 2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членот на советот Дејан Димитровски (коалиција предводена од СДСМ), Градоначалникот на Општина Гази Баба и Претседателот на Советот.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за домовите на културата на Општина Гази Баба за 2020 година, со **22 гласа "ЗА"**.

ДВАЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за училишен спорт на Општина Гази Баба за 2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за училишен спорт на Општина Гази Баба за 2020 година, со **23 гласа "ЗА"**.

ДВАЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за тековно одржување на основните училишта на Општина Гази Баба за 2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за тековно одржување на основните училишта на Општина Гази Баба за 2020 година, со **23 гласа "ЗА"**.

ДВАЕСЕТ И ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации во основните училишта на Општина Гази Баба за 2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации во основните училишта на Општина Гази Баба за 2020 година, со **23 гласа "ЗА"**.

ДВАЕСЕТ И ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за државни натпревари и стипендии на ученици во основните училишта на Општина Гази Баба за 2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за државни натпревари и стипендии на ученици во основните училишта на Општина Гази Баба за 2020 година, со **23 гласа "ЗА"**.

ДВАЕСЕТ И ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за меѓународна соработка на Општина Гази Баба за 2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за меѓународна соработка на Општина Гази Баба за 2020 година, со **23 гласа "ЗА"**.

ДВАЕСЕТ И СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за сопственичките права на Општина Гази Баба за 2020 година.

Претседателот на статутарно-правната комисијаа - **Александар Трајковски** поднесе извештај од седницата одржана на 26.02.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за сопственичките права на Општина Гази Баба за 2020 година, со **23 гласа "ЗА"**.

ДВАЕСЕТ И ОСМА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за спомен - обележјата на Општина Гази Баба за 2020 година.

Претседавачот со седницата на комисијата за негување и чување на традициите на македонскиот народ, заедниците и македонската држава и заштита на историските споменици и спомен-обележја - **Благој Атанасов** поднесе извештај од седницата одржана на 24.02.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше Градоначалникот на Општина Гази Баба и членот на советот Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија").

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за спомен - обележјата на Општина Гази Баба за 2020 година, со **23 гласа "ЗА"**.

ДВАЕСЕТ И ДЕВЕТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2020 година, со **22 гласа "ЗА" и 1 глас "ПРОТИВ"**.

ТРИЕСЕТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2020 година, со **23 гласа "ЗА"**.

ТРИЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за одржување на предучилишни установи на Општина Гази Баба за 2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за одржување на предучилишни установи на Општина Гази Баба за 2020 година, со **23 гласа "ЗА"**.

ТРИЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2020 година.

Претседателот на комисијата за месна самоуправа - **Тони Бојковски** поднесе извештај од седницата одржана на 26.02.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2020 година, со **22 гласа "ЗА"**.

ТРИЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2020 година.

Претседателот на комисијата за локален економски развој - **м-р Мартин Ристов** поднесе извештај од седницата одржана на 25.02.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот д-р Сашо Кутлешовски (коалиција "За подобра Македонија") и Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2020 година, со **22 гласа "ЗА"**.

ТРИЕСЕТ И ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година, со **23 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Тони Бојковски ја заклучи Педесет и првата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **17:40 часот**.

Број 09-1743/2
од 29.04.2021 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Тони Бојковски

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот